## SWOT анализа

Прв чекор во овој проект беше анализата на силните и слаби страни, можностите и заканите (SWOT) на индустријата во шесте држави вклучени во проектот. Направените студии се засновани на интервјуа и анализа на достапни податоци.

SWOT анализите за Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Македонија, Романија и Србија можете да ги најдете на:

**https://news.industriall-europe.eu/p/ip-in-se-europe**

European Commission | со финансиска поддршка од Европската Комисија

industriAll EUROPEAN TRADE UNION

EFFAT

# 11 ПРЕПОРАКИ

## За восподтавување автентична индустриска политика во југоисточна Европа



IndustriAll Europe и EFFAT од 2016 година заедно соработуваат во проект за индустриската политика во југоисточна Европа. Целта беше да се развие платформа за индустриска политика на национално и регионално ниво во Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Македонија, Романија и Србија која им овозможува на синдикатите во Европа да расправаат за предлозите на политиката со владата и организациите на работодавачи за да се зајакне индустриската снага во земјата и регионот.

# ПРЕПОРАКИ ЗА АВТЕНТИЧНА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

## 1. Воспоставување на автентична индустриска политика

Индустриската политика треба да биде заснована на консезус меѓу владата и социјалните партнери на национално и секторско ниво и треба да биде поткрепена со соодветни средства, одговорности и механизми.

## 2. Социјалниот дијалог е клучен за добро насочена индустриска политика

Сиситемот на индустриски односи треба да се подобри заради постигнување на делотворен и функционален социјален дијалог. Примената на одржлива индустриска политика е заедничка одговорност на владата во консултација со социјалните партнери.

## 3. Премин кон индустрија со висока додадена вредност и поддршка на порастот на платите

Индустриската политика треба да се стреми кон зголемена конкурентност, продуктивност и иновации и да ги поврзува економските остварувања и пораст со политиките насочени кон зголемување на приходите.

## 4. Подобро поврзување на паметните специјализации со предизвиците на реалната економија

Новите сегменти на индустријата треба подобро да се поврзат со традиционалните сектори и да ги предвидуваат влијанијата на работните места и вештините.

## 5. Развивање на вештини

Индустриската политика мора да биде поддржана со политики насочени кон премостување на несоодветните вештини, вклучувајќи развивање на двојни занимања, доживотно учење и континуирано стручно усовршување во претпријатијата. Владите треба да ги поттикнуваат и поддржуваат младите да градат кариера во својата земја за да се спречи губењето на човечкиот капитал.

## 6. Справување со неформалната економија

Треба да се зајакнат мерките за ограничување на неформалната економија. Земјите од југоисточна Европа би требало да обезбедат подобра заштита на правата од работен однос, да преземат мерки во борбата против исплата на плата на рака и да ги земат во предвид даночните оптоварувања како средства во борбата против неформалната економија.

## 7. Подобра употреба на средствата од ЕУ за развој на технологии, вештини и инфраструктура

Подобрете го програмирањето, насочувањето, употребата и апсорпцијата на средства од ЕУ за технолошка модернизација, човечки капитал и инфраструктура и поврзете го тоа со целите на индустриската политика.

## 8. Развој на поддржувачка и инклузивна администрација и законска рамка

Треба да се зајакнат мерките за оптимизација на законскиот и административен систем и придвижување кон потранспарентна законска рамка и примена на трудовите правата од закон и колективен договор.

## 9. Заштита на околината и одржлив индустриски развој

Развијте долгорочна стратегија усогласена со регулативата на ЕУ за заштита на животната средина и долгорочни капацитети за предвидување за да се справите со можните негативни влијанија по работните места.

## 10. Управување со јавните претпријатија

Реформирајте ги структурите во државна сопственост во одржливи и конкурентни претпријатија со цел да се создадат погодни рамковни услови во кои претпријатијата во државна сопственост би можеле да напредуваат.

## 11. Подобрување на инфраструктурата

Промовирајте и поддржувајте вложувања во инфраструктура, што опфаќа патишта, железница и снабдување со енергија за да се обезбеди сигурност за индустријата и логистика за производите, земајќи ги во предвид целите на регионалната соработка и подобрата поврзаност меѓу земјите од југоисточна Европа.

**Овој проект промовира вклученост на синдикатите и компетентност да ја остварат својата улога во дебатите за индустриската политика како и политички избор низ социјален дијалог**

**Резултатите и препораките можат да се видат на:**

**https://news.industriall-europe.eu/p/ip-in-se-europe**